**20181202296**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ТРГОВИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за трговија,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јуни 2018 година.

Бр. 08-4002/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Член 1

Во Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија” број 16/2004, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009, 105/2009, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15 и 53/16), во членот 23-а ставовите 4 и 5 се бришат.

Ставот 6 станува став 4.

Ставот 7 кој станува став 5 се менува и гласи:

„Лиценцата 30 дена пред истекот на рокот за кој е издадена може да се продолжи за период од две години, на барање на трговецот на мало кој врши промет на алкохолни пијалаци.”.

Ставовите 8, 9, 10, 11, 12 и 13 стануваат ставови 6, 7, 8, 9 ,10 и 11.

Член 2

Во членот 23-б став 3 точката 2) се брише.

Точките 3) и 4) стануваат точки 2) и 3).

Во ставот 12 алинејата 1 се брише.

Член 3

Во членот 23-в став 2 точките 1) и 2) се бришат.

Точката 3) станува точка 1).

Ставот 3 се менува и гласи:

„Министерството за економија во случајот од ставот 2 на овој член донесува решение за одземање на лиценцата во рок од 15 дена од денот на добивањето на записникот од Државниот пазарен инспекторат со кој е утврдено дека трговецот на мало врши продажба на алкохолни пијалаци на лица со возраст под 18 години.”.

Член 4

Членот 24-а се менува и гласи:

„Се забранува продажбата на алкохолни пијалаци во продавниците во состав на бензинските станици.”.

Член 5

Во членот 51 став 1 точката 2) се менува и гласи:

„врши продажба на алкохолни пијалаци во продавниците во состав на бензинска станица (член 24-а);”.

Точките 3) и 4) се бришат.

Точките 5), 6), 7), 8) и 9) стануваат точки 3), 4), 5), 6) и 7).

Член 6

Во членот 55 став 1 во точката 5) бројот „7” се заменува со бројот „5”.

Член 7

Во членот 57 став 2 точката 1) се менува и гласи:

„врши продажба на алкохолни пијалаци во продавница во состав на бензинска станица (член 24-а);”.

Точките 2) и 3) се бришат.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.